Утрински Весник

Број 2961 понеделник, 13 април 2009





Политика

# Скопјани протестираа за право на различно мислење




Под мотото „Плоштад слобода", младите го дадоа својот одговор на тоа што значи слободна демократија

**Билјана Ангеловска**

Слобода на говорот, право на различно мислење и право на протест, беше главна цел на завчерашниот мирен протест на околу илјада млади луѓе, кои под мотото „Плоштад слобода" се собраа во центарот на Скопје да искажат сопствено видување на настаните од пред две недели, кога беше задушен протестот на студентите-архитекти. Поддржани од бројни граѓани, интелектуалци, новинари, политичари, познати личности од македонскиот јавен живот, младите излегоа да го дадат својот одговор на тоа што значат слободно Скопје и слободна демократија. Со транспаренти за Скопје, но и за силувана демократија, со симболично залепени усти, учесниците ја формираа маркичката која во урбанистичкиот план ја означува црквата.

„Протестот е организиран од група индивидуалци, но поддржан од 30-ина невладини организации, со цел да се чуе Скопје во сите различни гласови што ги носи во себе. Бевме директно инспирирани од настаните кога беше силувана демократијата, кои беа олицетворение на задушувањето на слободата и на правото да се има и да се искаже поинакво мислење", рече Ирена Цветковиќ, еден од организаторите на протестот.

За граѓанскиот активист Никола Гелевски од огромно значење е кревањето глас за слободата и круцијалните правци кон кои се движи таа. „Настаните пред две недели покажаа дека се посега по елементарните слободи и човекови права. Затоа мора да се превенира навреме. Ние граѓаните мора да се бориме за секој сегмент, а таа борба ќе биде тешка, оти не е толку партиска, туку суштинска борба за повеќе слобода. Но, ние нема да се откажеме, туку ќе се обидеме оваа акција да добие некаков континуитет", истакна Гелевски, навестувајќи дека нешто слично веројатно ќе има и за 1 мај.

Поддршка на протестот му дадоа многу граѓани, но и политичари, аналитичари, професори, кои дошле на



09:48
Прашај го „Утрински" Одговара: уредничката на Скопска Билјана Ангеловска
Најчитани 10 во 10 дена
ГЛОБУС ON-LINE
e Banking
МАТИЦА НА
nexsense WebBuilder Почни со „Утрински"
XML
sitemeter

плоштадот како обични граѓани. Меѓу нив беше и Стојан Андов кој, како што рече, не е демонстрант, но е тука за да го поддржи правото секому да му се даде можност да го каже она што го мисли. „Се собираат млади луѓе кои се однесуваат како нормални луѓе што сакаат да кажат нешто. Јас го поддржувам тоа", рече Андов.

Градоначалникот Трифун Костовски, кој со свирче во устата и со транспарент во рацете целосно се вклопи во масата демонстранти, истакна дека последиците од тоа што ни се случува може да бидат многу поголеми отколку она што ќе се гради во „Мал ринг". „Се создава верска нетолеранција, што во нашето мултиетничко општество е погубна работа", потенцира Костовски.

Додека архитектот Мирослав Грчев смета дека Бурмали-џамија има повеќе историски легитимитет да биде обновена отколку црквата, премиерот Никола Груевски избегна да одговори на барањето на граѓаните со исламска вероисповед за возобновување на Бурмали-џамијата. „За такви работи треба да се прашаат Општина Центар и советниците, тие носат одлуки каде и што ќе се гради", рече завчера Груевски и потенцираше дека ги поддржува јавните протести и изразувањето различно мислење.

Учесниците во протестот најавија дека и натаму ќе го креваат гласот против насилството врз градот. Порачаа дека во иднина нема да дозволат да бидат заобиколувани при носењето одлуки за „слободно Скопје", а кои ги засегаат и нив.

Статијата е прочитана 511 пати.

**Испрати коментар**

Од: neprostenkov

Датум: 13.04.2009 00:23:07

Izostavivte da ja objavite izjavata na Frchkovski ;shto mu se dopadnala plakatata cit."SOLUN e vash SKOPJE e nashe" pa kako ne dodade neshto shto mu lezi na srce, MAKEDONIJA E VASHA FIROM E NASH.

Од: od Bobby

Датум: 13.04.2009 00:25:27

E nepismeni Komunisti predavnici puknete da zivee Grujo.

Од: Makedonec vo EU

Датум: 13.04.2009 00:34:49

Vo 2009 godina mladite vo FYROM se borat za sloboda na govor....

Од: ПРИЈАТЕЛ НА ШУТРАЦИТЕ

Датум: 13.04.2009 00:51:51

Востанието за право на протест организирано од студентите по мое мислење ќе биде легитимно и ослободено од политиканство тогаш кога во најскора иднина еве да речеме во сабота да се протестира за подобрување на мизерниот студентски стандард,за подобрување на наставата на факултетите,борба против корумпираните професори и се она што е сврзано со прблемите на студентите на скопскиот универзитет.Да се

ослободат од присаството на протестите од политичките метузалеми(Андов) соросовиот играорец, нокаутираниот кандидат за преседател и останала опозициска братија.Тогаш може да се поверува дека студентите имаат чесни и напредни идеи и можат да ја расчистат жабокречината.

Од: cicalce

Датум: 13.04.2009 01:07:37

Glasam za uste eden sobir-pomasoven za 1-vi Maj...bez etiketirawe na ucesnicite, da pojdeme site gragjani i vraboteni, i onie bez rabota i stecajci i studenti. Ta neli sme zasluzile so svojata rabota da go proslavime praznikot na trudot. Se nadevam deka Vladata ke go podrzi i ovoj miren protest bez da go pretvori Plostad Sloboda vo plostad Tijen An men.

Од: Vizioner

Датум: 13.04.2009 01:44:38

Pozdrav do site ciateli na utrinski!Citam nekoj vo makedonija pomisluva deka sto ke kaze mnozinstvoto,e vo pravo,i toa na legalen nacin,demokratski princip!!Pazete pocituvani,za se ima pravila,i koga mnozinstvoto saka,podrzuva nesto,ima pravila na odnesuvanje,kako sto e slucajot so crkvata vo plostadot!Citam,nekoj i se cudi kako moze da protestiraat studentite,koga mnozinstvoto sakaat crkva???Ste slusnale vie nekogas za liberalniot princip!Dali vi znaci nesto koga go spomenuvam??Dali ste slusnale nekogas za ustavni zagarantirani covekovi prava?!Pravo na demonstracija,pravo na religija na ateizam...Funkcijata na liberalniot princip e da go zastiti individuata od vlasta,mnozinstvoto!!Pa ima i drugi principi,pravniot..i site ovie zaedno ja vgradat ustavot na R.M, i na site drugi civilizirani zapadni zemji!!!

Од: M1

Датум: 13.04.2009 03:54:27

Prvo plostadot se vika Makedonija a ne Sloboda i vtoro imase 200 dusi vklucuvajki gi Micin Frcko Brat mu so familiite i uste nekolku zagubeni komunjarski dusi od tipot na Grcev Ismail i sto izlegoa glupavi pateticni losers

Од: saso -germanija

Датум: 13.04.2009 04:03:43

dodeka CDSM i nejzinite veke izgubeni politicari se javuva vo site sobiri vo mk imat losa pozadina. Niv negi interesira za sto demostrira studentite ili nekoj drugi, nim mue vazno samo kako pak dase dokopa do vlas.

Од: usa

Датум: 13.04.2009 05:45:01

neka se gradi crkva, ama na mesta kade sto stvarno i e mestoto, a ne na grdskiot plostad vo srede centar vece vo blizina ima crkvi nemojte da mi ja zatvarate sirinata koga ce si dojdam od amerika nema da baram crkvi, ke baram kade da investiram ostavete barem nesto posiroko i kade narodod makedonski od bilo koja vera ke moze da se sobira

Од: Trajko Kimov Negotino

Датум: 13.04.2009 06:29:15

Da mu umri kozata na Gruevski zosto nie SDESM ja nemame ama i toj neka nema. Vo gradot Nyjork vo SAD na sekoe cose ima crkvi i uste se gradat na nikoj ne mu smetaat na protiv dobro izgleda i so najmnogu turisti . Krakov vo Polska so najmnogu crkvi mnogu slikari ziveat od slikarstvo so mnogu turisti sto doagaat. Samo na Frcko bandata nemu odgovara.

Од: Ози

Датум: 13.04.2009 06:51:11

Дури и според гласилата на ВМРО излегува дека сите интелигентни и образовани луѓе се во СДСМ!! Останатите и религиозните се во ВМРО. Линијата на поделбата е очигледна. Демократија, секој со своите. Коментарите на читателите се уште еден доказ за горната теорија.

Од: Petre

Датум: 13.04.2009 08:01:32

prvo pisuvavte za Studentski protesti iako tamu bea clenovi na SDSM..sega koga APLA i Frcko se pojavi pisuvate " Skopjanite" protestiraa.. sto ne napisavte otvoreno SDSM-ovcite protestiraa ?? .. ami ne zaboravajte i Tito i Vuic dadoa podrska za obnovata na crkvata.. znaci pak teska Demagogija, posle ke se cudi sdsm zost uporno graganite na Makedonija ne mu veruvaat...

Од: Alek

Датум: 13.04.2009 08:11:45

Па не може да застане напредокот на мислата и демократијата заради некојси таму недоветен Грујо и компанија, колку и да пробуваат да не' влечат надолу и наназад. Наместо на декадентните скара и на пиво, на Први Мај одиме на протест.

ExploringMacedonia.com
НАЦИОНАЛЕН ПОРТАЛ ЗА ТУРИЗАМ
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
Telekabel

ул.Димитрие Чупоски бр.11/5. 1000 Скопје тел 3236 900; факс 3236901 e-mail: contact@utrinski.com.mk